Бр.40-145/25
06.03.2025 година

# ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 година

Во текот на 2024 година ЛСВ одржа вкупно 5 седници за кои е доставен детален записник. Во соработка со општинската администрација на веб страната на општината, ЛСВ доби посебно копче на кое можат да се најдат сите документи поврзани со работата на ЛСВ, листа членови со контакти, промотивна брошура, деловник за работа, записниците од сите седници и Стратегијата за волонтерство. Со ова се зголеми видливоста и достапноста на ЛСВ до сите заинтересирани страни и до граѓаните на општина Битола.

Во текот на месец мај 2023 година Советот на општина Битола ја усвои Локалната стратегија за промоција и развој на волонтерството на општина Битола 2023 – 2026 година. Општа цел на Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството во општина Битола е постојан развој, промоција и јакнење на волонтерството во општина Битола. ЛСВ на своите седници подготви годишен акционен план за реализација на активностите предвидени во Стратегијата.

ЛСВ во соработка со општина Битола го објави повикот за поддршка на волонтерски акции во општина Битола. Вкупниот фонд за поддршка беше зголемен на 300.000 денари, со тоа што максималниот буџет за поддршка на една волонтерска акција е до 30.000 денари.

На јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола (критериуми, апликација и пропратни документи) имаше доставено вкупно 9 апликации.

Претседателот на ЛСВ потсети на одлуката од претходната година член на ЛСВ да не гласа за апликација во која има конфликт на интерес.  Сите членови на ЛСВ извршија поединечно оценување на апликациите на претходно подготвена писмена форма, за зголемување на транспарентноста и објективноста во оценката на апликациите.

Апликации кои ги исполнуваат критериумите и добија доволен број на бодови беа вкупно девет, и тие се:
- ЗУР Македонски ракотворби (вкупно 87 бода)
- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола (вкупно 82,5 бода)
- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола (вкупно 93 бода)
- Здружение за едукација и интеграција ЕДУ - АКТИВ ПЛУС (вкупно 98,75 бода)
- Младински културен центар – Битола (вкупно 100 бода)
- Здружение за едукација и мобилност Лоесје Битола (вкупно 96 бода)
- Здружение за хуманитарни дејности ЛАЈОНС КЛУБ КАБАДАЈА БИТОЛА Битола (вкупно 97,5 бода)
- ЗПОС Лоотус Ј Њу бигининг Битола (вкупно 85 бода)
- ИМКА (91 бод)

ЛСВ препорача на соодветната Комисија во општина Битола да ги поддржи сите 9 апликации. Препораката беше во целост прифатена.

Подетален опис за реализацијата на волонтерските акции:

- ЗУР Македонски ракотворби - Подобрување на здравјето преку заштита од вируси и студ на деца од претшколска и школска возраст од Центар за психолошка поддршка Рилука Битола. Волонтерите беа вклучени во изработка и дистрибуција на заштитни маски, капи и шалови на лица со посебни потреби.

- Регионално географско друштво ГЕОСФЕРА- Битола во партнерство со ОУ Тодор Ангелевски. Работилници со основци, лоцирање споменици, изработка на веб мапа и стори мап.  Со спроведувањето на оваа волонтерска акција учениците добија таблети, кои ќе ги користат во

идните истражувања на ГИС секцијата во училиштето. Картата со помош на ГИС-софтвер, ја изработија учениците од IX одделение, членови на ГИС секцијата, заедно со нивната наставничка по географија, Гордана Богоевска. Таа претставува сеопфатен документ каде се претставени податоци за објектите, нивно значење, фотографии, анализи од различен вид, поврзани со животот и делото на паднатите борци.

- Здружение за психолошка поддршка СЕГА И ОВДЕ Битола во партнерство со ОУ Трифун Пановски. Цел на проектот е преку креативни активности да се идентификуваат сигнали и симптоми за нарушено ментално здравје кај младите од општина Битола како и да се испрати порака за поголема грижа за менталното здравје кон останатите граѓани во заедницата. Волонтерските активности вклучуваа: 1. психодрамска работилница за истражување на менталното здравје со цел спроведување на нивни идеи, пораки и креативно изразување за значењето на менталното здравје 2. користење на споделените информации во изработка на мурал 3. изработка на мурал на јавна урбана локација

- Здружение за едукација и интеграција ЕДУ - АКТИВ ПЛУС во партнерство со ОУ Ѓорѓи Сугарев. Волонтерските активности вклучуваа: едукативни работилници, волонтерски акции за чистење на ОУ Ѓорѓи Сугарев, еко галерија од уметнички дела на ученици во инфоцентар на НП Пелистер, социјални кампањи преку медиуми и социјални мрежи за подигање на свест.

- Младински културен центар – Битола во партнерство со СОУ Таки Даскало и Дом за стари лица Сју Рајдер Битола. Донирани беа постелнини за потребите на Домот за стари лица -Битола изработени од вредните раце на волонтерите средношколци од текстилно-кожарската струка. Дополнително, волонтерите од угостителско-туристичката струка направија колачиња и прекрасни слатки задоволства кои беа поделени на корисниците на Домот. Волонтерите се дружеа со старите лица во Домот и собираа рецепти за правење на вкусни јадења од бабите и дедовците кои ќе бидат објавени во публикација на учениците од графичката струка. Прекрасен ден поминат со старите лица. Нивните задоволни лица беа супер награда и признание за трудот на сите волонтери вклучени во акцијата.

- Здружение за едукација и мобилност Лоесје Битола во партнерство со СОУ Д-р Јован Калаузи Битола. Волонтерите беа вклучени во подигање на свест за здрава и чиста животна средина и организираа две акции за чистење на делови од градот.

- Здружение за хуманитарни дејности ЛАЈОНС КЛУБ КАБАДАЈА БИТОЛА Битола во партнерство цо ОУ Климент Охридски. Унапредување на условите во училишната средина, креирање на квалитетен амбиент за престој, култура на волонтеризаам, зголемување на свеста за важност на реупотреба, промоција на еднаквост и недискриминација. Волонтерите беа вклучени во изработка на клупи за седење и креативни работилници.

- ЗПОС Лоотус Ј Њу бигининг Битола во партнерство со СОУ Таки Даскало со цел за создавање чиста, безбедна и инспиративна училишна средина преку волонтерска акција. Волонтерите беа вклучени во уредување на училишниот двор и во зголемување на свеста кај учениците за заштита на животната средина.

- ИМКА во партнерство со Педагошки факултет – Битола кои организираа волонтерска акција за подобрување на условите на студентите со акција за чистење на кругот на факултетот.

ЛСВ го организираше промотивниот настан „Зошто волонтирам?“ кој се одржа во четврток 5ти декември во кафе барот Порта Џез со почеток во 12.00 часот. На настанот имаше отворена јавна дискусија со домашни и странски волонтери (Андреа Гроздановска, Дончо Јанкула, Мила Бошевска волонтери/ки од Битола и Клаудиа Бурска волонтерка од Полска) за нивните позитивни искуства и приказни од волонтирањето. Водител на настанот беше Мими Марковски.

Локалниот совет за волонтерство на општина Битола (ЛСВ), ја додели наградата за волонтерски ангажман во локалната заедница за 2024 година, по повод 5 декември - Меѓународниот ден на волонтерите. Целта на доделувањето на оваа награда е да се поттикне и промовира волонтерството во Битола, да се зголеми видливоста на волонтерите и позитивните волонтерски практики и да инспирира понатамошно унапредување и развој на волонтерството на локално

ниво. Наградата е од големо значење за признавање на граѓанскиот ангажман во подобрување на животот во локалната заедница.

Добитници на наградата за 2024 година според категориите се: за волонтерска организација – ОО Црвен Крст Битола – Клуб на млади за волонтерската акција „Мини Олимпијада 2024“ и за волонтер поединец – Филип Етмишовски.

Наградите ги доделија Претседателот на ЛСВ Златко Талевски и Виолета Налевска од општина Битола.

Претседателот на ЛСВ Златко Талевски истакна дека преку промоција на успешни волонтерски акции, иницијативи и поединци волонтери, се оддава признание за практикување на сите позитивни волонтерски вредности како што се помагање, солидарност, емпатија и активен придонес кон решавање на проблемите во локалната заедница.

Образложение за волонтерските успеси на добитниците на наградата:

Волонтерска организација: Основната организација на Црвен Крст – Битола (Клуб на млади) за организација на волонтерската акција „Мини Олимпијада на Црвен крст 2024“.

Олимпијадата броеше над 450 учесници од сите возрасти, сите активности се одржуваа на територија на Град Битола, во соработка со Општина Битола и партнерите од корпоративниот сектор. Волонтерите организираа натпревари во мал фудбал, ракомет, баскет, одбојка, пливање и атлетика. Целокупната организација на настанот беше од страна на волонтерите на Клубот на млади при ОО на Црвен Крст – Битола.

„Поттикнати од Олимписки игри во Париз, а воедно мотивирани од огромната желба во нас да создадеме хуманитарен настан, цела недела се играа натпревари од различни спортски дисциплини каде како играч можеше да учествува секој од Вас кој сака да го разбуди она хуманото во себе. Котизацијата беше симболична од 100 денари на натпреварувач, а собраната сума беше

донирана на ЈЗУ Клиничка Болница „Др. Трифун Пановски“ – Битола “. До наредната олимпијада, која ќе се одржи за две години, се надеваме дека духот кој го раширија нашите волонтери ќе се издигне повисоко, за да можеме да направиме уште помоќна, уште похумана олимпијада – порачуваат од ОО Црвен Крст Битола.

Волонтер поединец: Филип Етмишовски – номиниран од Здружението за култура и уметност „Бабец театар“ – Битола поради неговиот долгогодишен волонтерски ангажман во организација на Интернационалниот театарски фестивал „Битолино“ – Битола. Тој активно волонтира од 4-тото издание на фестивалот од 2014 година заклучно со последното 13-то издание во 2024 година. Од 2016 година Филип е и координатор на волонтерите. На фестивалските изданија во 2023 и 2024 година мобилизираше и координираше рекорден број на волонтери при што околу 60 ученици и студенти волонтираа на фестивалот. Со својот вкупен волонтерски ангажман и работа со волонтери на полето на културата и други младински инцијативи, Филип е пример за позитивни волонтерски практики и инспирира понатамошно унапредување и развој на волонтерството на локално ниво.

ЛСВ фукционираше со непотполн состав од 7 активни членови од вкупно 9 предвидени членови. Нашиот формален предлог за замена на неактивниот член од општинската администрација беше прифатен и беше назначен нов претставник. И покрај намалениот капацитет во членови, ЛСВ потполно ги исполни очекувањата и предвидените обврски за 2024 година и го продолжи трендот на општина Битола како општина лидер во поддршка и спроведување на волонтерски политики и програми.

Локален совет за волонтерство на општина Битола

Претседател

Златко Талевски

Битола 06 март 2025 година